Бр/Nr. 04-11055/1
Скопје/Shkup 19.11.2026 година/viti

Врз основа на член 22 од Законот за вработени во јавен сектор (Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25) Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, донесе

Одлука
за неизбор на кандидати по јавен оглас

број 1/2026 за вработување на работници во Проектна единица за спроведување на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требениште – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија, во Јавното претпријатие за државни патишта на определено време до завршување на Проектот односно до 22.01.2028 година, објавен во дневните весници „Вечер" и „Коха" на ден 05.10.2026 година.

I. За пополнување на слободно работно место **ПРЕ0405А04000 Специјалист за електроенергетски објекти – 1 (еден) извршител**, не се изврши избор

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Комисијата за спроведување на постапка за избор на 1 (еден) кандидат за вработување на работно место **ПРЕ0405А04000 Специјалист за електроенергетски објекти** во Проектна единица за спроведување на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требениште – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија, во Јавното претпријатие за државни патишта на определено време до завршување на Проектот односно до 22.01.2028 година, формирана со Решение бр.04-9359/3 од 01.10.2026 година, по јавниот оглас 1/2026 објавен во дневните весници „Вечер" и „Коха" на ден 05.10.2026 година, спроведе постапка за вработување согласно Законот за работните односи.

Според пристигнатите пријави на кандидатите за вработување за работно место **Специјалист за електроенергетски објекти – 1 (еден) извршител**, комисијата изврши проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во огласот, проверка на приложените докази кон пријавата за што состави записник број 04-9359/9 од 11.11.2026 година, каде е констатирано дека на огласот број 1/2026 за работното место Специјалист за електроенергетски објекти не е пријавен ниту еден кандидат.

Врз основа на наведеното, Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Упатство за правно средство: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба преку Јавното претпријатие за државни патишта до Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта во рок од 8 дена од објавувањето на одлуката на интернет страницата на Јавното претпријатие за државни патишта.

Директор
Коце Трајановски

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Skenje - Shkup

Доставено до:
Одделение за човечки ресурси и општи работи
Архива

Изработил: Биљана Цветковиќ
Контролирал: Даниела Тасевски
Одобрил: Сузана Атанасова
Александар Журовски